UDC: 347.627.2:316.628
DOI: 10.46763/SCGW21030c

# DIVORCE OF MARRIAGE-FACTORS AND PROBLEMS

**LL.M Irena Cupona**
PhD Candidate, "Ss. Cyril and Methodius" University in Skopje,
Faculty of Law "Iustinianus Primus"-Skopje
E-mail **irenacupona@gmail.com**

**Abstract**

Modern society has led to fundamental changes in the institution of marriage and its survival. The diminishing importance of morals and values to be promoted by family law has led to the destabilization of marital and family relations. This has led to a decrease in the number of marriages, an increase in the number of extramarital affairs, illegitimate children and an increase in the number of divorces.

But divorce is never based on one factor or cause. It is a sublime of many influences of various nature. In the elaboration of the paper, the author will emphasize the sociological factors that have an impact on the divorce. The disintegration of the traditional family model and the emergence of the modern model, led to changing the roles of family members, increasing the equality of women and changing the position of children, which significantly affects the stability of marriages. Economic problems, domestic violence are the reasons for the increase in the divorce rate and the transformations in the emotional and sexual relations, have led to the emergence of heterogamous and homogeneous marriages.

As it is in the nature of people to merge and form communities, so over time and changes in society and the separation of people from married communities becomes normal and natural. Divorce grows into an opportunity to push the boundaries of human happiness and expand human freedoms.

By analyzing the factors, the author will try to clarify the reasons that influence the increase of this current trend which unfortunately will undoubtedly continue in the future.

***Keywords:*** marriage, family relationships, marriages, factors, divorce

# РАЗВОД НА БРАК - ФАКТОРИ И ПРОБЛЕМИ

**м-р Ирена Чупона**
докторанд на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје
Правен факултет „Јустинијан Први",
E-mail irenacupona@gmail.com

**Апстракт:** Современото општество доведе до суштински промени во институцијата брак и неговиот опстанок. Намалувањето на значењето на моралот и вредностите што треба да се промовираат од семејното право, доведоа до дестабилизација на брачните и семејните односи. Тоа доведе до намалување на бројот на склучени бракови, ја зголеми бројката на вонбрачни заедници, вонбрачни деца а најмногу го зголеми бројот на разводите на бракови.

Но никогаш разводот не се базира на само еден фактор или причина. Тоа претставува сублимат на повеќе влијанија од најразличен карактер. При разработката на трудот авторот ќе стави акцент на социолошките фактори кои имаат влијание врз разводот на бракот. Распадот на традиционалниот модел на семејство и појавата на модерниот модел, доведе до менување на улогите на членовите во семејството, зголемување на рамноправноста на жената и менување на положбата на децата, што значително влијае врз стабилноста на браковите. Економските проблеми, семејното насилство се причини плус за зголемување на стапката на разводи а трансформациите во емотивните и сексуалните односи, доведоа до појава на хетерогамни и хомогамни бракови.

Како што е во природата на луѓето да се спојуваат и да формираат заедници, така со текот на времето и промените во општеството и разделувањето на луѓето од брачните заедници станува нормално и природно. Разводот прераснува во можност за поместување на границите на човековата среќа и проширување на човековите слободи.

Со анализирањето на факторите, авторот ќе се обиде да ги разјасни причините кои влијаат врз зголемувањето на овој актуелен тренд кој за жал несомнено ќе продолжи и во иднина.

***Клучни зборови:*** *брак, семејни односи, вобрачни заедници, фактори, развод*

## 1. Развод на брак-фактори и проблеми

### 1.1 Вовед

Во науката за семејното право, постои едно од најспорните теориски прашања, а тоа е определување на поимот брак. Дефинициите за него варираат во зависност од различните култури, но основата кај сите е иста - институција во која меѓучовечките односи се признаваат и во која се остваруваат интересите на брачните другари, семејството и општеството. Но, честите промени во општеството, повлекуваат и суштински промени во институцијата брак, брачните, семејните односи и нивниот опстанок. Доколку бракот не се развива врз основа на очекувањата на брачните партнери, единствен излез од состојба на нарушени брачни односи е бракот да престане со развод, како еден од правните

начини за престанок на брак. Доказ за тоа е значајниот пораст на бројот на разведени бракови компарирано во минатото и сега.

Општествените промени во последните децении повлекоа со себе невообичаени промени кои во минатото скоро и да не постоеле. Значителни промени кои ги опфатија сите сфери на животот, наметнувајќи нови трендови кои отворија бројни прашања и загатливи теми, особено промени во моралниот и вредносниот систем. Истите постојат сѐ уште и неодминливо влијаат и во промена на структурата и функцијата на семејството, како основна клетка од која е изградено општеството и при тоа имањето на потомство како еден од предусловите за имање на општество. Промените во законодавствата кои имаат значајна улога во менувањето на семејното право, индивидуалната слобода, а со тоа и изедначување на родовите, моралните и етичките вредносни промени, честите емоционални и психолошки проблеми, економските проблеми, социјалните фактори и фактичката состојба во нашата држава, се само мал дел од проблемите кои се индикатори на престанок на една од најстарите установи која служела за регулирање на половите односи меѓу мажите и жените и за креирање на потпомство, бракот.

Последицата како престанок на брачните заедници, предизвикани од ваквите промени оставаат значителни траги и пукнатини не само во семејствата, туку и во општеството воопшто. Изминатите децении сведочат на значајни драматични промени во семејниот живот на луѓето. Стапките на развод континуирано се зголемуваат, и се јавува потреба од превенција за намалување на овој т.н. „модерен" феномен во иднина. Имајќи во предвид што разводот на бракот претставува еден комплексен процес, кој не се објаснува на едноставен начин, а ниту пак може лесно да се пронајде и открие она што јасно го предизвикува, потребно е да се пронајдат и опфатат клучните фактори кои придонесуваат за зголемување на нивниот број. Врз основа на тоа се јавува потреба од многу истражување и откривање на правните причини и општествените процеси, како и социјалните факторите кои влијаат и кои доведуваат до него. Особено акцент се става на последиците кои произлегуваат од разводот, кои претставуваат една од основните причини поради која овој настан повлекува темелно анализирање и истражување.

## 2. Современото општество-причина за развод на брак

Поаѓаме од потребата да се пронајде главната појдовна точка, која понатаму повлекува со себе бројни ситуации и настани кои пак резултираат со конечен престанок на брачната заедница и последиците од тоа. Се поставува прашањето дали во нашето законодавство постојат правни празнини во однос на регулирање на правните последици од развод на бракот, дали постои начин кој би довел до можност да се разбуди свеста кај брачните партнери, пред сѐ да

дојде до намалување на бројот на разводи на брак, што е најпроблематично и најболно за децата од тој брак, а и намалување на влијанието врз наталитетот.

Основен појдовен мотив е можноста да се пронајде одговорот на прашањето дали клучниот проблем е тоа што **современото семејство е навистина во криза** која може да резултира со долгорочни и длабоки последици за сите европски општества и **дали постои универзален модел на семејна заедница** или не, и на сите оние значајни аспекти на семејниот живот, брачниот живот, внатрешните односи, улогата и значењето на бракот во општетството, промените во брачните и семејните односи и нивните последици во нашата земја споредбено со европските земји во изминатите години и сега.

Со промена на општествените односи, со промена на животните стандарди и стилови, со промената на начинот на живот и навиките на луѓето, **низ годините се менувале и моделите на брачните заедници**. Најголемите промени за жал биле негативни, затоа што се нарушил стабилниот брак и блиските емотивни односи, и настапил плурализмот на семејните форми, кој всушност се појавил пред сѐ како последица на зголемувањето на бројот на разводи, настапување на вонбрачни заедници, истополови заедници, се зголемил и бројот на вонбрачни деца и сл. Иако се бара одговор на настанувањето на ваквиот тип на промени, како што се рушењето на семејниот модел што претходно постоеше во европските земји и појавата на плуралистичкиот семеен модел, сепак последните децении одговорот на ова прашање не е пронајден.

Во современите семејни законодавства се намалува значењето на моралот и значењето на вредностите што треба да се промовираат од семејното право. Со оглед на тоа што има појава на негативни последици од дестабилизација на брачните и семејните односи, пренагласената индивидуалистичка концепција со современото семејно право ги потиснува семејната солидарност, приврзаност и пожртвуваност. **Се промовираат нови семејни вредности**, како што се заштита на правата на децата, рамноправноста на жената, борбата против семејното насилство, прифаќањето на различните семејни модели во правниот систем на местото на старите.[1]

Во втората половина на XX век, речиси во сите европски земји доаѓа од една страна до зголемување на разводите на бракови, пораст на бројката на вонбрачни деца, а од друга страна бројот на склучување на бракови енормно се намалува, што повлече и намалување на стапката на наталитет. **Статистиките покажуваат** дека од 1970 година до сега, **стапката на разведени бракови е во постојан пораст**, што исто така е случај и во нашата земја. И не само стапката на разведени бракови, се зголемува и бројот на парови кои живеат во вонбрачна заедница, како и бројот на деца кои се одгледуваат во вонбрачни заедници и истополови бракови.

[1] Wirggins, J., (2000). Marriage Low and Family Low: Autonomy, Interdependence and Couples of the Same Gender.

Имено, поледните статистики покажуваат застрашувачки бројки во овој сегмент. Бројот на склучени бракови значително опаѓа. Во 2019 година вкупниот број на склучени бракови изнесува 13.814, за разлика од 2020 година каде бројот е за 4.614 склучени бракови помалку или вкупно 9.200, односно 33,3% помалку во однос на 2019 година. Од друга страна пак, бројот на разведени на бракови во истиот компариран период е во пораст. Во 2019 година имало 1990 разводи, додека пак во 2020 година 2284 или 14,7% повеќе во однос на 2019 година. Исто така во пораст е и бројката на вонбрачно родени деца или во 2020 година се родиле 13,4% повеќе вонбрачни деца во однос на 2019 година.

Вонбрачната заедница во современото општество суштински се разликува од концептот за вонбрачна заедница во претходниот период, која претставувала само претходница на бракот. Во современото општество, всушност вонрачната заедница го заменува бракот, така што настанува ситуација каде не може да се каже дека бракот е основата за основање семејство. Имајќи во предвид што бракот како еден вид договор претставува **слободна изјава на волја на брачните другари**, автоматски повлекува и **можност да брачните другари истиот го раскинат со слободна изјава на волја,** кој доведува до крајна инстанца-развод.

Најчесто, предизвикувач на разводот на бракот се нарушените брачни односи меѓу брачните другари, честите несогласувања, актуелни проблеми, кои доведуваат до последица-неможност да брачните другари продолжат да функционираат во конкретна брачна заедница, независно дали до нарушување на тие брачни односи довеле социолошки фактори, економски фактори, потоа религиозни, морални, културни и сл.

И како што стои во законот за семејство на нашата држава во член 40, ,,Бракот може да се разведе по барање на еден од брачните другари ако брачните односи се до таа мера нарушени што заедничкиот живот станал неподнослив“[2], што всушност ја покажува и објективната последица-нарушувањето на брачната врска и субјективната последица-невозможен заеднички живот. Либералното гледање на бракот овозможува развод на брак без големи тешкотии кога бракот ќе ја изгуби смислата и целта на постоење.

Во различни земји, постојат различни основи кои доведуваат до развод на бракот. Состојбата на тешко нарушување на брачните односи може да биде предизвикана, како и без вина на брачните другари, така и по вина на едниот или на обајцата брачни другари.[3] Но не значи дека секој развод е страшен, драматичен и има несакани последици. Некои разводи доведуваат до големо олеснување кај едниот или кај двајцата поранешни сопружници, а и кај децата. Но, ваквите ситуации се повеќе исклучоци, отколку правило.

[2] Член 40 од Закон за семејството, Сл. весник на РМ бр. 153 од 20.10.2014 година.

[3] Хаџи Василев. М., (1977-1980). Семејно право во СФРЈ, Скопје.

## 3. Фактори за развод на брак

### 3.1 Несоодветна возраст за стапување во брак

Од аспект на факторите кои влијаат и доведуваат до фактички престанок на бракот, особен акцент се става на **социолошките фактори**. Еден од социолошките фактори е **несоодветната возраст на стапување во брак** која претставува еден од ризиците кои доведуваат до развод, пред сè затоа што зрелоста и свесноста за стапување во брак и формирање на заедница во различни години и кај жените и кај мажите е различна. И тоа претставува клучен момент кој игра значајна улога во стабилноста, однесувањето и очекувањата кај брачните другари кој е мошне позначаен момент, наспроти емотивната зрелост.

Одредени истражувања покажуваат дека годините на стапување во брак се клучен момент кој игра улога во стабилноста и долготрајноста на брачната заедница. Оние партнери кои влегуваат во брак на возраст од 27 до 29 години, имат помала можност за развод во однос на овие партнери кои влегуваат во брак на возраст над 30 години.[4]

за овој сегмент во различни земји покажуваат различни резултати, пред сè затоа што овој фактор различно влијае во различни земји од аспект на културата и воспоставениот начин на живот. Исто така може да се надополни во овој дел дека деловниот статус на жената, односно нејзината независност игра дополнителна улога. Жените кои се независни, имаат изградена кариера, добра заработувачка, а во исто време кои имаат брачни недоразбирања и проблеми, имаат поголеми шанси да покренат постапка за развод, наспроти жените кои остануваат во брак заради тоа што немаат заработувачка моќ или заради неможноста да бидат независни.

Статистиките покажуваат дека жените кои работат имаат 22% повисок ризик од развод, во споредба со оние кои не работат.[5]

### 3.2 Децата како причина за развод

Исто така неизбежен момент при бракоразводниот процес се и децата, доколку се дел од бракот, и секако нивното влијание врз истиот. Тие се извор на среќа, алка меѓу двајцата брачни другари кои доведуваат не само до поголемо поврзување меѓу брачните другари и една од причините за одржување на самиот брак. Но не секогаш е така. Постојат случаи каде **браковите се распаѓаат поради несогласувања или проблеми предизвикани од самите деца**. Неможноста за распределување на брачните обврски поради децата, намалување на интимните односи помеѓу брачните другари поради обврските околу децата, различниот начин на воспитување на децата од страна на двајцата родители и сл., може

4 ibid pg. 20-21.

5 Poortman, A. R., & Kalmijn, M. (2002). Women's labor market position and divorce in the Netherlands: Evaluating economic interpretations of the work effect. European Journal of Population, *18,* 175-202.

да биде појдовна точка за чести несогласувања и проблеми и сето тоа после извесен период да резултира со последица-развод на брак.

### 3.3 Економски фактори

Дел од факторите кои влијаат врз разводот на бракот се и **економските фактори**. Материјалниот аспект, заработувачката (вработеноста/невработеноста) и имотната состојба се клучни моменти во овој сегмент. Тие доведуваат до појава на незадоволства, стрес, одбивност, чувства на оттуѓеност, создаваат конфликтни ситуации и еден вид психолошки притисок врз брачните другари, што се главен предизивикател на проблеми, затоа што ваквиот тип на економски проблеми го ставаат семејството под континуиран притисок и стрес кој на крај резултира со развод.

Најновите податоци на Државниот завод за статистика покажуваат алармантен тренд. Имено, заклучно со првиот квартал од годинава, статистиката објави дека во однос на минатата година истиот период, бројот на склучен бракови е зголемен за 12,1%, додека бројот на разведени бракови пораснал за 20.5%. Овој тренд, според социолозите е последица на повеќе фактори, меѓу кои и економската бесперспективност во земјава. Најалармантен е соодносот во градот Битола, каде на еден склучен брак има скоро по еден развод. За еден брак, според досегашните социолошки мерења, најкрични години се сметаат првите три, а потоа следната „брачна криза" е на седмата година.[6]

### 3.4 Нестабилен однос помеѓу брачните другари

Неспорно е дека здравиот и стабилен однос помеѓу брачните партнери е клучен фактор за хармоничен однос. Но, сѐ почесто нетрпеливоста, меѓусебната трка за превласт во семејството, односно улогите кои т.н. „сакаат" да ги имаат во заедничкиот живот се потенцијален извор на проблеми меѓу брачните другари, кои со себе повлекуваат **нестабилен однос**. Во минатото постоел строго утврден начин на однесување на мажот и жената во брачната заедница а со тоа и поделба на работата. Но таквите традиционални брачни односи каде улогата била точно и јасно дефинирана, се косат со брачните односи во современото општество, што доведува до потешкотии на прифаќање на новиот концепт за улогата на мажите и жените во семејната заедница а тоа предизвикува и конфликти и проблеми. Најчесто, тоа е поврзано со различните гледишта за распределбата на обврските меѓу мажот и жената кои предизвикуваат незадоволства и поголеми шанси за прекин на брачната заедница. Нарушувањето на брачните односи, е доволна причина за развод. Во член 40 од Законот за семејство, истакнати се две последици, субјективна и објективна или нарушена брачна врска и заеднички живот којшто е невозможен.

[6] https://faktor.mk/trend-ili-sostojba-na-sekoj-chetvrti-skluchen-brak-po-eden-razveden (пристапено на ден 27.05.2020 г).

Овој начин на развод е прифатен во голем број на Европски земји. Во некои земји како што на пример е Шведска, кај дисхармоничните бракови, каде е нарушен меѓусебниот однос, со изјава на волја на едниот брачен партнер може да се утврди дека бракот е неуспешен и може да се разведе.[7]

Покрај овие, постојат и други најразлични фактори, предизвикатели на незадоволства и несогласувања меѓу брачните другари. Секоја индивидуа сама по себе има различна перцепција и ставови за начинот на однесување во конкретна брачна заедница.

Секоја индивидуа независно дали е маж или жена има различен пристап и праг на толеранција, кои се клучен момент во остварување на меѓусебните односи во една семејна заедница. **Карактерот**, **начинот на воспитување и одгледување** исто така може да ефектуира позитивно или негативно врз брачните односи, а не се исклучува и **неверството** како клучен фактор, за што се покажа како релевантно во многу случаеви.

## 4. Модерни проблеми на современото семејство

### 4.1 Алкохолот

Во современото општество сè почесто се соочуваме и со т.н. **модерни проблеми на денешните бракови**, кои се исто така еден од факторите кои можат да доведат до престанок на бракот. Еден од нив е и **употребата на алкохол и психотропни супстанци** кај еден од брачните другари. Иако се смета дека луѓето кои се во брак, конзумираат помалку алкохол, сепак постојат податоци кои укажуваат на тоа дека бракот може да биде причина за конзумирање на алкохол. Честите несогласувања, проблеми, конфликти може да доведат до вакви ситуации, кои со тек на време стануваат сериозен проблем и доведуваат до појава на тешки последици, не само врз некој од брачните другари туку и врз децата од тој брак но и врз членовите од поширокото семејство. Но често појавата на алкохолизмот како еден од факторите кај некој од брачните другари, може да биде и скриен генетски момент кај брачниот другар кој се оддал на алкохолизам. Покрај ова не се исклучува и можноста да сето тоа повлече и појава на насилство-семејно насилство врз членовите на семејството, што секако на крај би резултирало со развод, но овој сегмент е мошне дискутабилен и со себе повлекува низа на прашања и широк спектар на појаснувања.

Врската помеѓу брачниот статус и козумирањето на алкохол постоела и ќе постои. Застрашувачки е фактот што тоа во континуитет бележи пораст а со самото тоа повлекува и зголемување на стапката на разводи од таа причина. Бројките од направените студии за конзумацијата на алкохол и стапките на развод конкретно во САД, покажуваат континуиран пораст со тоа што има и

[7] Jantera-Jareborg, M. (2002). Grounds for Divorce and Maintenance Between Former Spouses SWEDEN: University of Uppsala.

податок дека и разводот влијае врз зголемување на потрошувачката на алкохолни пијалоци.[8]

**4.2 Религијата**

Но да не ја изоставиме и **религијата како фактор** и можен предизвикател на несогласувања и доведување до развод. Религијата и семејството се социјални институции, чија врска несомнено постои и е силна. Религијата има влијание врз бракот и брачните односи и на некој начин придонесува за стабилност и среќа во семејството. Верската вклученост во бракот има влијание и врз самиот квалитет на брачниот однос. Вклученоста во било какви активности од верски карактер, може да се каже дека има придонес кон стабилноста на бракот.

Браковите склучени меѓу партнери од иста религија, повеќе учествуваат во заеднички религиозни активности и помалку завршуваат со развод, додека пак оние брачни парови од различни религии кои не учествуваат во религиозни активности, немаат изразени традиционални ставови за разводот и сметаат дека бракот што е неуспешен треба да се разведе.[9]

Резултатите за врската помеѓу верската припадност и разводите на бракови покажуваат дека припадноста на христијанските религиозни групи бележи пониски стапки на разводи. На пример во САД спроведена студија, дала резултат дека 12% од оние партнери кои не припаѓале на ниту една религиозна група се разведени, компарирано со 9% од протестантите и 12% од католиците.[10]

И не се само овие погоренаведените, повеќебројни се факторите кои доведуваат до распад на една брачна заедница. Никогаш разводот не се базира на само еден фактор. Тоа претставува сублимат на повеќе влијанија кои во одреден клучен момент резултираат со последицата-развод. Тука спаѓаат и браковите кои имаат несогласувања кои се јавуваат после **губење на дете**[11], исто така **договорените бракови** имаат поголем ризик за развод, пред сѐ затоа што тука недостасува емотивната, односно љубовната основа помеѓу партнерите, **развод поради постојано малтретирање**, **тешки навреди и нечесен живот**, **семејно насилство**, злонамерно или неоправдано **напуштање на брачен другар**, **осуда на казна затвор**, **преминување од хетеро во хомосексуалност**, **работа во странство** може да биде причина за развод, а дури и **влијанието на родителите** на брачните другари може да биде една од причините за развод на бракот.

---

8 Caces, M. F, Harford, T. C, Williams, G. D, Hanna, E. Z op.cit 647-652.
9 Bahr.H.M & Chadwick,B.A (1985). Religion and family in Middletown,USA, Journal of Marriage and the Family.
10 Мицковиќ, Д. (2008). Семејството во Европа XVI-XXI век, Скопје: Културна установа „Блесок".
11 Schwab, R. (1998). A child's death and divorce: Dispelling the myth. Death Studies.

Може да се каже дека **интеракцијата во бракот е значаен индикатор** за тоа кои бракови ќе се разведат. Притоа, негативното однесување во брачната комуникација само по себе не влијае врз нестабилноста, врз неа влијае односот меѓу позитивното и негативното однесување, а тоа пред сѐ зависи од среќата и задоволството кое постои, односно не постои во еден брак. Затоа се смета дека позитивното однесување може да се смета како еден од методите за спречување на распад на брачната заедница.[12]

## 5. Последици од развод на брак

### 5.1 Децата најпогодени од разводот на брак

Непостоење на добра, културна, достоинствена комуникација во бракот и разбирање е основна причина за развод на брак од страна на двајцата брачни другари. Но која и да е причината, на каков и начин да престанал бракот, сепак последиците од истиот се тешки, како за брачните другари, така и за членовите на поширокото семејство, особено најтешки за децата од таа брачна заедница.

Децата се најневината страна која најтешко ја доживува и преживува ваквата одлука на брачните другари. Независно од возраста на детето, разводот влијае врз личноста на детето, кој факт го покажуваат голем број на истражувања. Децата од разведените бракови се вбројуваат во групата на проблематични деца во различни сегменти во животот, како што се училиштето, односите со семејството и пријателите, што не е секогаш случај.[13] Посебно сакам да истакнам дека ставањето на децата во средината на конфликтот е особено штетно за нив. Но како едно дете може да го преживее разводот на своите родители, пред сѐ зависи од неговата возраст, преживеаните расправии меѓу родителите, односот кој детето го имал со родителите во семејната заедница, начинот на однесување на родителите према детето итн.

Она што сметам дека е најдобро за едно дете кое расте во нездрава семејна атмосфера, она што е најдобро за неговиот правилен раст и развој, е родителите да се разведат отколку да дозволат нездрав начин на развој на детето. Позитивно влијание врз дете на разведени родители може да се постигне само доколку му се стави на знаење на детето дека и двајцата се сѐ уште истите родители кои го сакаат и се грижат за него иако живеат одделно и бракот завршил. Родителите мора да имаат коректен добар меѓусебен однос и да прават се што е најдобро за своето дете. Максималната поддршка која мора да ја пружаат континуирано и потполна љубов према него е несомнено потребна. Родителот, татко или мајка, има одговорност да биде дел од животот на детето. Одговорното родителство

[12] Мицковиќ, Д. (2008). Семејството во Европа XVI-XXI век, Скопје: Културна установа „Блесок".

[13] Burns, A. & Dunlop, R. (2000). Parental divorce, personal characteristics and early adult intimate relationships: A longitudinal Australian study. Journal of Divorce & Remarriage.

мора да продолжи и по разводот на бракот. Ако се разведуваат родителите еден од друг, тоа не значи и разделување од децата.

Родителството е клучен момент како за време така и после разводот на еден брак и претставува голем предизвик за родителите. Постоењето на цврста љубов и согласност меѓу родителите доведува до намалување на негативните последици во идниот развој на личноста на детето како и доведува до прераснување во успешни и среќни луѓе.

### 6. Влијанието на Ковид 19 врз брачните и партнерските односи

Во време кога целиот свет мора да се прилагоди на новонастанатата ситуација со коронавирусот, кога зборуваме за стабилноста на партнерските и семејните односи, може да се каже дека во овој период наметнатата фактичка состојба претставува еден вид предизвик, но истовремено и тест не само за брачните партнери, туку и за членовите на поширокото семејство. Луѓето се принудени да живеат по поставени правила кои мора да ги почитуваат, независно дали тоа им одговара или не во нивниот веќе поставен начин на живот. Сето тоа доведува до дисбаланс во секојневниот живот, кој отвара нови предизвици, моменти и промена на дотогашните навики. Воедно, доведува и до принудно спротивставување на вообичаените тензии и зголемување на интензитетот на страв од иднината. Оваа пандемија не доведе до ситуација да принудно ги увидиме сите недостатоци со кои сме биле соочени. Ни дозволи и ни предочи дека можеби свесно или не свесно сме ги занемарувале не давајќи им голема важност или можеби страв од несакани последици.

Оваа криза предизвика силни негативни импликации врз браковите. Брачните партнери ставени на тест за кој ни најмалку не беа подготвени. Соочени со новонаметнатиот начин на живот, соочени со неизвесноста и стравот од иднината, нарушувањето на менталното здравје е неизбежно. Прашања безброј, дилеми, сомнежи. Паниката станува дел од секојдневието, што предизвикува менување на веќе поставените животни рутини. Дилемата пред нас стои, дали постои начин со кој безболно би се изменаџирало сето ова во една брачна заедница, или ќе дојде до трајно нарушување на хармонијата во истата. И сето тоа поаѓа од иста појдовна точка, колку биле или се стабилни брачните односи во една брачна заедница. сѐ уште е рано да донесеме било каков точен заклучок од новонастанатата глобална ситуација, потребни ќе ни се долги години на разгледување и истражување. За жал статистиките го потврдуваат тоа и покажуваат дека пандемијата која не надвладеа предизвика негативни импликации врз брачните заедници.

Значителен акцент во овој за сите неповолен период, се стави и на семејното насилство како врз жените така и врз децата. Овој момент несомнено бележи пораст овој актуелен период. Се зголеми психо-социјалниот притисок кај луѓето

кој предизвика момент лицата со карактеристики на насилие да се охрабрат да преземат чекори со цел повторно да ја воспостават сопствената контрола врз животите на жртвите, што предизвика зголемување на бројот на случаите на семејно или т.н. интимно партнерско насилство. Продолжувањето во оваа насока несомнено ќе има круцијални промени во нормалниот животен пат и токму поради тоа е една од основните причини поради кои овој т.н. „светски настан” привлекува секојдневно сѐ поголемо внимание кај секој поединец.

Затворањето во домовите како една од мерките за спречување и ширење на вирусот можеби помогнаа да се забави ширењето на Ковид-19, но и придонесоа за влошување на положбата на многу жени, девојки, особено во оние семејства каде семејната хармонија е нарушена или не постои. Токму таму пандемијата доведе до актуелизирање на насилството. Иако можеби до тогаш го немало, овој момент беше клучен да насилните партнери се покажат во вистинско светло. Официјалните статистики не се реални, особено што бројките на почетокот на пандемијата не го покажуваа тоа, пред сѐ поради тоа што жртвите на семејно наслство беа затворени со сторителите и кај нив преовладуваше стравот дека можеби ќе бидат слушнати од нивните насилни партнери и ситуацијата ќе стане уште полоша, или пак воопшто немаа можност да го пријават истото.

Кај голем број на жени стравот од понатамошни слични, исти или полоши ситуации преовладуваше.  Не се исклучи и фактот дека голем број на жени не го пријавуваа насилството и не ги напуштаа домовите, пред сѐ поради неизвесност и страв од иднината, економската независност, губење на работното место  и сл. Голем број на жени токму во овој момент се охрабрија и најдоа реална причина да ги напуштат своите т.н. домови и да почнат да живеат нов живот. Но не само жените, туку и сѐ повеќе деца станаа жртви на семејно насилство во овој период. Последните месеци од пандемијата, животот на децата во семејства каде има насилни родители, стана страшен. Тие станаа сѐ повеќе ранливи и под голем психо-социјален притисок.[14]

**6. Заклучок**

Соочена со бројни примери за разводи во последните години, чии фактори и причини се различни, се одлучив да ја разработувам оваа по малку раздразлива тема. Растена во патријахално семејство со сите морални и вистински вредности и принципи, премногу тешко успевам овој процес, овој сегмент од животот да го прифатам како едноставен и веќе во последно време нормален. Но мора да сфатиме дека како што е во природата на луѓето да се спојуваат и да формираат заедници, така со текот на времето и промените во општеството и разделувањето на луѓето од брачните заедници станува нормално и природно. Разводот прераснува во можност за поместување на границите на човековата

[14] http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2020/09/Spravuvane-so-nasilstvo-vrz-zheni-i-semejno-nasiltvo-za-vreme-na-KOVID-19.pdf

среќа и проширување на човековите слободи. Правото за развод стана посебен вид на право на човекот и дел од човековите права и слободи. Секој слободен човек има право да ја бара и пред сѐ да ја остварува својата среќа на начин на кој самиот смета дека е правилен. Поаѓајќи од очекувањата за идеален брак, во денешно време поради големите општествени промени и промените во начинот на живот е многу потешко да се реализира една успешна и посакувана брачна врска. Тоа опфаќа бројни обврски, прилагодувања, толеранција, доверба, одржување чесност и достоинственост, заемна почит, сѐ поради остварување и задоволување на потребите на брачната заедница и организација на секојдневниот живот, материјалните потреби на семејството, а во исто време и обезбедување на правилен и хармоничен развој на децата како најзначајни во семејната заедница.

Современото општество остава свој печат и врз овој сегмент од животот на луѓето. Неговите специфики и карактеристики се една од клучните причини кои не придонесуваат  да може да се одржи институцијата брак меѓу брачните другари. Знаеме дека последиците од разводите на бракови не се воопшто лесни и брзо пребродливи. Тие допираат до сите членови на поширокото семејство, почнувајќи од брачните другари, нивните родители но највеќе се рефлектираат на децата. Иако претпоставките не секогаш се основаат, во овој сегмент искуствата покажуваат дека подобро е децата да растат во здрава средина и во случај да се родителите разведени, отколку да се сведоци на нездрав живот проследен со бројни несогласувања, конфликти и невкусни ситуации. Имајќи го во предвид најдобриот интерес на детето, односно дека двата родители се потребни во животот на детето, кај разведените бракови најзначајно е посветување на максимална грижа и внимание на децата од овие бракови и после разводот на бракот. И не само децата и за возрасните подобро е да се разделат, отколку да бидат жртви на несогласувања и проблеми. Соочувајќи се и реално согледувајќи ги реалните проблеми кои ги носи современото општество, и со наоѓањето начини за нивно решавање, партнерите го подигаат нивното ниво на меѓусебни односи и од таму произлегуваат нови начини кои им овозможуваат да продолжат заедно среќно.

Одржувањето на стабилноста во бракот, како една од основите е тежок процес, но истиот не е возможен ако само едната страна се грижи за тоа. Заемното дејствување, заедничкото решавање на проблеми, поддршката, отворените разговори со својот партнер и одржувањето на емоционалниот момент, се клучни фактори во надминување на оваа криза во браковите.

Љубовта кон својот партнер и децата, почитта кој членовите на поширокото семејство и желбата да се зачува семејството и семејната хармонија, треба да се поважни од стравот од секој животен предизвик со кој се соочуваме.

**Библиогравски единици:**

1. Bahr.H.M & Chadwick,B.A (1985). Religion and family in Middletown,USA, Journal of Marriage and the Family.
2. Burns, A. & Dunlop, R. (2000). Parental divorce, personal characteristics and early adult intimate relationships: A longitudinal Australian study. Journal of Divorce & Remarriage.
3. Caces, M. F, Harford, T. C, Williams, G. D, Hanna, E. Z op.cit 647-652.
4. Спировиќ-Трпеновска Л., Мицковиќ Д., Ристов А, (2013). Семејно право, Скопје: Културна установа „Блесок".
5. Dimitrievic, J. (1959). Uzroci razvoda braka, Beograd.
6. Хаџи Василев. М., (1977-1980). Семејно право во СФРЈ, Скопје.
7. ibid pg.20-21.
8. Jantera-Jareborg, M. (2002). Grounds for Divorce and Maintenance Between Former Spouses SWEDEN: University of Uppsala.
9. Мицковиќ, Д. (2008). Семејството во Европа XVI-XXI век, Скопје: Културна установа „Блесок".
10. Мицковиќ Д., Ристов А., (2011). Промените во семејството и реформите во семејното право во Европските земји, Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во чест на проф. Наум Гризо, Правен факултет „Јустинијан Први" во Скопје.
11. Мицковиќ Д., Ристов А. (2015). Семејно право, Стоби Трејд, Скопје;
12. Закон за семејството (Пречистен текст), „Службен весник на Република Македонија" бр. 153/2014 година.
13. Poortman, A. R., & Kalmijn, M. (2002). Women's labor market position and divorce in the Netherlands: Evaluating economic interpretations of the work effect. European Journal of Population, *18,* 175-202.
14. Schwab, R. (1998). A child's death and divorce: Dispelling the myth. Death Studies
15. Todorova, V. NATIONAL REPORT: Parental Responsibilities-Bulgaria.
16. http://www.glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2020/09/Spravuvane-so-nasilstvo-vrz-zheni-i-semejno-nasiltvo-za-vreme-na-KOVID-19.pdf
17. https://faktor.mk/trend-ili-sostojba-na-sekoj-chetvrti-skluchen-brak-po-eden-razveden
18. https://faktor.mk/trend-ili-sostojba-na-sekoj-chetvrti-skluchen-brak-po-eden-razveden (пристапено на ден 27.05.2020 г.).
19. Член 40 од Закон за семејството, Сл. Весник на РМ бр. 153 од 20.10.2014 година.
20. Wirggins, J., (2000). Marriage Low and Family Low: Autonomy, Interdependence and Couples of the Same Gender.

**Дополнително користени веб-страници:**

1. https://www.pravo.org.mk
2. https://www.praksis.mk
3. https://www.sudstvo.mk
4. https://mk.wikipedia.org/
5. https://e-justice.europa.eu